# Правила и прописи на трката „Крали Марко Треилс 2024”

30.12.2023

Скопје

# ИЗЈАВА ЗА ОДГОВОРНОСТ И ФИЗИЧКА ПОДГОТВЕНОСТ

# КРАЛИ МАРКО ТРЕИЛС 2024

Со доброволното пријавување, учесникот потврдува дека правилата, прописите, процедурите и обврските се обврзувачки за време на натпреварот. Овие прописи служат за да го направат натпреварот еднаков за сите учесници и не може да се оспорат на суд. Нивното прифаќање и примена е обврзувачко за да се учествува на настанот. Секој учесник е одговорен за техничката исправност на неговата/нејзината опрема и мора да се погрижи дека се рамките на правилата. Организаторот не презема никаква одговорност при несреќен случај – незгода, лична повреда или материјална штета, кражба или други вид штети!

ИЗЈАВА - СОГЛАСНОСТ НА УЧЕСНИКОТ

1. Ги прочитав, разбрав и целосно ги прифаќам Правилата и Прописите кои важат за спортскиот настан во кој ќе учествувам (Крали Марко Треилс 2024), кој ќе се одржи на 10 март 2024 година. Правилата и Прописите се објавени на официјалната веб страница на настанот (www.kmt.mk ).
2. Сигурен сум дека сум соодветно подготвен (физички и психички) да учествувам во трката. Ги почитувам соодветните медицински протоколи и контроли кои гарантираат дека имам добро здравје, дека не страдам од било каква болест, алергија, физички недостаток, повреда или кардио-респираторно нарушување а кои би ме советувале против моето учество на настанот.
3. Целосно сум свесен за тешкотиите и напорот на настанот, од маршрутата, висинскиот профил и растојанието; за кои претходно се консултирав на веб сајтот на настанот (www.kmt.mk ).
4. Целосно сум свесен дека овој тип на настани содржат дополнители ризици за учесниците. Според тоа, изјавувам дека учествувам на настанот на моја слободна волја и на моја иницијатива, и дека целосно ги преземам на себе ризиците и последиците што произлегуваат од моето учество.
5. Поседувам доволно знаење и технички вештини кои ја гарантираат мојата лична безбедност во средината и условите за самостојност во кои се одвива настанот. Исто така, дека на денот на настанот ја имам спортската и безбедносната опрема која задолжително ја налага Организаторот; и гарантирам дека е во одлична состојба, дека знам правилно да ја користам, и дека лично ќе ја употребам/носам со мене за време на целиот настан.
6. Се обврзувам дека ќе ги почитувам правилата и безбедносните протоколи наложени од страна на Организаторот за трката во која учествувам; и дека ќе се однесувам одговорно, избегнувајќи ситуации кои ги зајакнуваат ризиците по мојот физички и психички интегритет. Дека ќе ги следам упатствата и ќе ги почитувам одлуките донесени од одговорните лица од Организацијата (судии, доктори и организатори) во смисла на сите безбедносни аспекти.
7. Ги овластувам Медицинските лица на настанот, во било кој момент од настанот, да изведат врз мене било која медицинска процедура или дијагностички тест што тие сметаат дека е соодветен, без разлика дали тоа јас го барам од нив или не. Во случај тие да побараат, јас се

согласувам да го напуштам моето учество во настанот и/или да дозволам моја хоспитализација, доколку тие одлучат дека е неопходно по моето здравје.

8. Го овластувам Организаторот на настанот да има ексклузивно право врз фотографиите и видео снимките во кои што сум прикажан лично а кои што се создадени за време на настанот, и да ги користи ексклузивно за потребите на промоцијата на настанот, и за што нема да добијам финансиска надомест за возврат.
9. Пред или за време на настанот, нема да конзумирам ниедна забранета супстанца што се смета за допинг од страна на меѓународните атлетски и планинарски федерации. Свесен сум дека Организаторот има право да ги подложи на анти-допинг контрола првите тројца пласирани во сите категории за секоја трка.
10. Свесен сум дека мојот стартен број е личен и не може да се префрли на друго лице, поради што нема да можам да го отстапам или да го продадам на било кое друго лице во било кој случај, дури и во случај да бидам спречен да учествувам на настанот.
11. Учествувам на настанот на моја слободна волја и на моја сопствена одговорност. Следствено, го ослободувам Организаторот, неговите соработници, спонзори и други субјекти, од секаква одговорност за било каква физичка или материјална повреда/инвалидитет/смрт што може да ми се случи, и поради тоа, се откажувам од моето право да поднесам извештај или барање за штета против наведените субјекти.
12. Се обврзувам да ги следам и применувам општите правила за почит кон природата и другите луѓе. Во прилог се опишани општите правила:
    - Да бидам крајно внимателен и да ги следам важечките сообраќајни правила при движење по патеки и патишта кои се отворени за сообраќај.
    - Да не предизвикувам влошување на биотичките, геолошките и културно-историските ресурси или општо на природата и крајоликот.
    - Да ги извршувам своите физиолошки потреби на соодветни места, во секој случај, подалеку од извори на вода и водни текови и подалеку од патеки и собирни места.
    - Да не фрлам ѓубре или да оставам предмети или тврд или течен отпад вон местата кои се означени специфично за таа намена.
    - Да не ја напуштам маркираната патека.

**Член 1. ОРГАНИЗАТОР**
Здружението за планинско трчање„ТРЕКС“ од Скопје го организира единаесетото издание на „Крали Марко Треилс - постапките на Крали Марко“, делумно автономна трка во планинско трчање во природна средина, која се одржува во Недела на 10 март 2024.

**Член 2. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**
Крали Марко Треилс е повеќедневен настан каде централно внимание заземаат две трки во планинско трчање кои се одвиваат во околината на градот Прилеп, Марковите Кули и планината Бабуна. Оваа област изобилува со природни убавини и културни споменици од минатото, а дел од нив се влезени во прелиминарната листа за заштита од UNESCO - http://whc.unesco.org/en/tentativelists/1918/.

Сите трки започнуваат и завршуваат во најстарата населба во Прилеп - Варош, а за 2024 година предвидени се две трки со различни дистанци. Трките се одвиваат во една етапа во полу-автономија, каде што натпреварувачите се подложени на временски лимит во текот на натпреварот. Маршрутите се јасно прикажани на веб страницата www.kmt.mk

Маршрутите се маркирани со пвц ленти во боја, дирекциони стрелки, како и инфо табли на освежителните станици со изминатата и преостанатата далечина. Маршрутите можат да се преземат во gpx и kml формат на www.kmt.mk за да се користат за навигација на гпс уреди, паметни телефони или часовници.

| **Дата: 10.03.2023** | **Должина** | **Качување / Симнување** | **Временски лимит** | **Стартно време - час** |
|---|---|---|---|---|
| Камена Баба Треил 35К | 35.50 км | +1890 / -1890 метри | 9 часа | 09:00 |
| Трескавец Треил 18К | 17.90 км | +980 / -980 метри | 5 часа | 11:00 |

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Не се потпирајте исклучиво на податоците од гпс часовниците или паметните телефони за време на трката. Во зависност од временските услови и други влијанија, се јавуваат разлики и до 5%. На трка од 25км тоа би значело и разлика од повеќе од 1 км.

**Член 3. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО**
Учесниците се задолжуваат со следново:

- Да ја разберат должината и карактеристиките на трката и да се подготват за учеството преку соодветен тренинг.

- Да се стекнат, пред настанот, со вистинска способност за целосна независност во планинска средина и да бидат способни да ги менаџираат сите проблеми кои би се јавиле при овој предизвик, особено:
- Да се прилагодат на климатските услови што се менуваат со промена на висината, и што можат да го отежнат движењето како на пример дожд, студ, ветер, магла или снег.
- Да ја очекуваат физичката и психичката истоштеност што ја носи учеството на ваков предизвик: проблеми со дигестија, мускулите, зглобовите, плускавци и мали рани.
- Да разберат дека за време на планинската трка, безбедноста зависи од капацитетот на самиот учесник да се адаптира на проблемите со кои може да се соочи, очекувани и неочекувани.

**Член 4. ПРИЈАВУВАЊЕ**

**а) Право на учество**

Учеството на Камена Баба Треил 35К е отворено за сите граѓани со навршени 18 години и повеќе на 01.01.2024.

Учеството на Трескавец Треил 18К е отворено за сите граѓани со навршени 16 години и повеќе на 01.01.2024.

**б) Процес на пријавување**

Официјалното пријавување започнува на 01.01.2024. Во формата за пријавување следниве информации треба задолжително да се пополнат:

- Име
- Презиме
- Пол
- Дата на раѓање
- Држава
- Мобилен телефон за контакт
- Мобилен телефон од друго лице во случај на несреќа
- E-mail адреса

Пријавувањето ќе се смета за комплетирано само по успешно извршено плаќање на стартнината за трката. **Пријавувањето се затвора на 07 март 2024 за сите трки.**

**в) Стартнина**

Износот на стартнината е следен:

| **Период** | **01.01. - 31.01.2024** | **01.02. - 29.02.2024** | **01.03. - 07.03.2024** |
|---|---|---|---|
| Камена Баба Треил 35К | 1,800 денари | 2,100 денари | 2,400 денари |
| Трескавец Треил 18К | 1,200 денари | 1,500 денари | 1,800 денари |

**Стартниот пакет го содржи следново**:

- личен стартен биб број со електронски чип за време
- вода, храна и пијалок, спасители и медицинска помош во текот на трката
- брендиран подарок од трката
- финишерски медал
- фотографии од трката на социјални мрежи
- незаборавна забава

**Попусти:**

- Клубски попуст (минимален број на учесници - 7) -10% попуст на редовна цена.
- БЕСПЛАТНО – Натпреварувачи со ITRA Performance Index поголем од 730 (мажи) и 575 (жени) или Национални атлетски шампиони или Олимпијци.
- БЕСПЛАТНО – Влијателни членови (инфлуенсери) на атлетската или авантуристичката аутдор заедница во замена за промоција на трката.

Ве молиме контактирајте нѐ на kmut.mk@gmail.com.

**г) Процес на пријавување и плаќање**

Пријавувањето и плаќањето на стартнината се извршува онлајн преку дебитна/кредитна картичка или преку банка на трансакциска сметка.

**Начини на плаќање на стартнината:**

1. ***ОНЛАЈН ПЛАЌАЊЕ СО КРЕДИТНА/ДЕБИТНА КАРТИЧКА***
   ПРЕКУ ВЕБ СЕРВИСОТ НА КРАЛИ МАРКО ТРЕИЛС – www.kmt.mk
   Онлајн плаќањето се врши преку сигурносниот "3D Pay" систем на Халк Банка
   Напомена: во онлајн наплаќањето ќе биде пресметана провизија од 4% за банкарски трошоци и одржување.

2. ***ПРЕКУ БАНКА НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА***
   Назив на налогопримач: ТРЕКС
   Адреса: Ибе Паликуќа 17, 1000 Скопје
   Трансакциска сметка: 270069272700140
   Банка: Халк Банка
   Цел на дознака: Крали Марко Треилс / Име презиме
   Повикување на број: име презиме на учесникот и должина на трка
   Напомена: во цената не се вклучени банкарските провизии при плаќање преку банка.

**д) Ограничен број на учесници**

Максималниот број на натпреварувачи во сите трки вкупно изнесува 300.

**ѓ) Откажување**

Доколку натпреварувач сака да го откаже учеството на „Крали Марко Треилс“ и сака да добие повраток на средствата од стартнината мора за тоа да го извести организаторот по e-mail на kmut.mk@gmail.com

**- Износ на повраток на стартнината заради откажување:**

- откажување до 20.02.2024: 50% поврат.

- поврат на стартнината нема да биде извршен после 21.02.2024

Доколку трката биде откажана или скратена поради атмосферски причини или било која причина вон контрола (виша сила) на организаторот, нема да биде извршен повраток на стартнината.

**е) Префрлање трка**

Префрлање од една на друга трка е дозволено најдоцна до 29.02.2024. Натпреварувачот кој сака да се префрли треба да испрати email со лични податоци, на која трка е пријавен и на која трка се префрла.

За префрлање од подолга на пократка трка, не ја враќаме разликата во стартнината. А обратно, доколку се префрла од кратка на долга трка, треба да се доплати разликата од тоа што дотогаш е платено.

**ж) Префрлање на стартен број на друг натпреварувач**

Доколку натпреварувач кој е веќе пријавен и платил стартнина, сака да се откаже од учество и притоа наместо повраток на средствата, сака да ја префрли стартнината на друг натпреварувач, мора да испрати барање до организаторот по email најдоцна до 29.02.2024, со следниве податоци:

- Име и презиме, дата на раѓање, стартен број на натпреварувачот кој се откажува од учество
- Име и презиме, дата на раѓање на натпреварувачот кој го заменува

Барањето мора да дојде од email-от на натпреварувачот кој е веќе пријавен и му е доделен стартен број.Натпреварувачот кој ќе го замени мора да се пријави во онлајн системот на Крали Марко Треилс но без да изврши уплата; организаторот ќе му го додели истиот стартен број.

**з) Следниве постапки не се дозволени:**

- префрлање на стартнината за следната година (освен при виша сила);
- учество во другата трка наместо во онаа за која натпреварувачот е пријавен и платил;
- размена на стартен број со друг или учество на трка со туѓ стартен број.

Секој натпреварувач кој ќе биде фатен за време или после учество на трката со туѓ стартен број ќе биде дисквалификуван.

**Член 5. ЛЕКАРСКО УВЕРЕНИЕ**

Лекарско уверение за да се учествува на една од трките не е потребно. Меѓутоа, за нивно добро, организаторот ги поттикнува **сите натпреварувачи да се стекнат со лекарско уверение кое докажува дека се способни за спортски тренинг и натпревари**.

**Член 6. ПОДИГНУВАЊЕ НА СТАРТЕН БРОЈ И СТАРТЕН ПАКЕТ**

Подигнување на стартниот број и пакет ќе се одржи пред стартот на трките во Амфитеатарот во населба Варош, Прилеп последниот распоред:

<u>КАМЕНА БАБА ТРЕИЛ 35К</u>

10.03.2024, НЕДЕЛА, 07:00 - 08:45

<u>ТРЕСКАВЕЦ ТРЕИЛ 18К</u>

10.03.2024, НЕДЕЛА, 09:10 - 10:45

**Член 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОПРЕМА**

**Задолжителна опрема освен стартен број НЕМА но силна препорака е секој учесник да ја има на себе во текот на целата трка следнава препорачана опрема:**
- стартен број (А5 големина) кој мора да биде видливо закачен напред на облеката (телото) во текот на целата трка (обезбеден од организаторот)
- астрофолија или јакна-ветровка
- мобилен телефон, уклучен на тивок режим
- гумена, пластична чашка, бидон или шише кое може да се користи како сад за вода и сок на освежителните станици. <u>Поради заштита на природната средина, организаторот нема да овозможи пластични/хартиени чаши за еднократна употреба на освежителните станици и на целта.</u>

Опремата може да биде носена на себе, во ранец или појас. Организаторот има право да изврши проверка на задолжителната опрема за време на трката (доколку биде воведена).

Во случај на специфични временски услови, организаторот го задржува правото да ја измени или надополни листата со задолжителна опрема.

**ДРУГА ПРЕПОРАЧАНА ОПРЕМА**

Организаторот препорачува на учесниците да ја имаат со себе следнава дополнителна но незадолжителна опрема:

- бидон, мешина или шише за вода со волумен од најмалку половина литар течност
- свирче
- капче или марама
- високо-калорични плочки, гелови или друга храна
- барем 300 денари за купување пијалок или храна на целта
- челна ламба со резервни батерии
- соодветни патики наменети за планинско трчање
- еластичен завој и ханзапласт

Планинарски стапчиња се дозволени.

**Член 8. ВРЕМЕНСКИ ЛИМИТИ И ОТКАЖУВАЊЕ ОД НАТПРЕВАРОТ**

**а) КАМЕНА БАБА ТРЕИЛ 35К: Максимално дозволено време за стигнување до целта е 9 часа.**

**б) ТРЕСКАВЕЦ ТРЕИЛ 18К: Максимално дозволено време за стигнување до целта е 5 часа.**

Организаторот ќе назначи волонтери кои ќе бидат позади последниот натпреварувач со цел да се помогне на секој кој има потреба од помош поради откажување или повреда.

Времески лимити се поставени на освежителните станици. Натпреварувачите кои нема да ги постигнат овие временски лимити во даденото време нема да им биде дозволено да ја продолжат трката. По надминување на временскиот лимит, забрането е да се врати и да се користи освежителната станица а потоа да се продолжи трката. Официјалните лица на трката го имаат правото да ги дисквалификуваат натпреварувачите кои не ги почитуваат правилата.

Учесниците кои стигнале до освежителната станица после дозволениот лимит, повредените и оние за кои медицинскиот персонал одлучил дека не смеат да ја продолжат трката, и сите други учесници кои решиле дека нема да ја продолжат трката, ќе бидат префрлени на целта со возило од организацијата. Поради логистички причини, натпреварувачите кои се откажале можеби ќе треба да причекаат пред да бидат пренесени на целта. Секој учесник кој ќе се откаже на која било точка различна од наведените контролни станици ќе треба самиот да се снајде за враќање во Прилеп и задолжително во истиот момент да го информираат организаторот преку праќање смс порака или повик на еден од СОС мобилните на стартниот број.

**Член 9. ОСВЕЖИТЕЛНИ СТАНИЦИ**
**Ова е полу-автономна трка и учесниците се советуваат да понесат со себе барем пола литар вода.**
Полу-автономноста се дефинира како можност натпреварувачите да се независни помеѓу освежителните станици кога се работи за храна и опрема и исто така да бидат способни да се адаптираат на кој било проблем (лошо време, физички напор, повреда...).

Организаторите овозможуваат вода или електролитен пијалок за бидони/шишиња за вода и мешина. Кога се напушта освежителната станица, натпреварувачите мора да имаат со себе доволна количина вода и храна за да стигнат до следната освежителна станица.

## а) КАМЕНА БАБА ТРЕИЛ 35K освежителни станици и контролни точки:

KAMENA BABA TRAIL 35K

| Контролна точка Control point | Име Name | km | Денивелација Denivelation | Време на ПРВ Time of passage FIRST | Време на МНОЗИНСТВО Time of passage PELOTON | Време на ПОСЛЕДЕН (тајм лимит) Time of passage LAST (time limit) | Информации Information |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | Старт - Варош<br>Start - Varosh | 0 | 0m +<br>0m - | 09:00 | 09:00 | 09:00 | вода и електролит, прва помош<br>water, electrolyte, first aid |
| 1 | Манастир Трексавец<br>Treskavec monastery | 8.2 | 770m +<br>198m - | 10:00 | 10:30 | 11:15 | вода<br>water |
| 2 | Дабница<br>Dabnica | 12.74 | 770m +<br>729m - | 10:20 | 11:10 | 11:55 | вода, електролит, сокови, храна, овошје, прва помош<br>water, electrolyte, drinks, snacks, fruits, first aid |
| 3 | Кукул<br>Kukul | 20.5 | 1070m +<br>926m - | 11:00 | 12:30 | 13:30 | вода<br>water |
| 4 | Единак<br>Edinak | 25.85 | 1681m +<br>1105m - | 11:30 | 13:30 | 14:50 | / |
| 5 | Дабница<br>Dabnica | 30.3 | 1687m +<br>1647m - | 11:50 | 14:20 | 15:50 | вода, електролит, сокови, храна, овошје, прва помош<br>water, electrolyte, drinks, snacks, fruits, first aid |
| 6 | Наковална<br>Nakovalna | 32.0 | 1835m +<br>1647m - | 12:05 | 14:50 | 16:20 | / |
| 7 | Цел - Варош<br>Finish - Varosh | 35.5 | 1890m +<br>1890m - | 12:20 | 15:20 | 17:00 | вода, електролит, сокови, храна, овошје, гравче, прва помош<br>water, electrolyte, drinks, snacks, fruits, baked beans, first aid |

## б) ТРЕСКАВЕЦ ТРЕИЛ 18K освежителни станици и контролни точки:

TREKSAVEC TRAIL 18K

| Контролна точка Control point | Име Name | km | Денивелација Denivelation | Време на ПРВ Time of passage FIRST | Време на МНОЗИНСТВО Time of passage PELOTON | Време на ПОСЛЕДЕН (тајм лимит) Time of passage LAST (time limit) | Информации Information |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | Старт - Варош<br>Start - Varosh | 0 | 0m +<br>0m - | 11:00 | 11:00 | 11:00 | вода и електролит, прва помош<br>water, electrolyte, first aid |
| 1 | Манастир Трексавец<br>Treskavec monastery | 8.2 | 770m +<br>198m - | 12:00 | 12:30 | 13:15 | вода<br>water |
| 2 | Дабница<br>Dabnica | 12.74 | 770m +<br>729m - | 12:20 | 13:10 | 14:00 | вода, електролит, сокови, храна, овошје, прва помош<br>water, electrolyte, drinks, snacks, fruits, first aid |
| 6 | Наковална<br>Nakovalna | 14.47 | 920m +<br>732m - | 12:35 | 13:40 | 15:00 | / |
| 7 | Цел - Варош<br>Finish - Varosh | 17.9 | 980m +<br>980m - | 12:50 | 14:00 | 16:00 | вода, електролит, сокови, храна, овошје, гравче, прва помош<br>water, electrolyte, drinks, snacks, fruits, baked beans, first aid |

Само натпреварувачи со видливо истакнат стартен број имаат пристап на освежителните станици. Течности и храна од освежителните станици мора да бидат конзумирани таму на лице место. Строго забрането е да се пие од шишињата на станиците: мора да се носи чашка за тоа. **Ѓубрето мора да биде фрлено исклучиво во ќесите за ѓубре на секоја освежителна станица.**

Низ целата патека на одредено растојание ќе бидат поставени контролни точки каде одговорните лица од трката ќе го мониторират минувањето на тркачите и ќе бидат во можност во било кое време да направат проверка на задолжителна опрема кај учесниците (доколку е воведена). **Доколку натпреварувач се противи да ја покаже бараната задолжителна опрема, ќе биде дисквалификуван/а на лице место.**
На целта има освежителна станица.

**Член 10. ПОМОШ ВО ТЕКОТ НА ТРКАТА**
Помош од член на фамилија или тим е дозволен на сите освежителни станици, во одредени простори, и во согласност со одговорниот за таа освежителна станица:

Само еден помошник по натпреварувач ќе биде дозволен само кога натпреварувачот ќе пристигне.

Придружба од лице кое не е регистрирано на трката во дел од трката или низ целата трка е забрането.

**Член 11. ЌЕСА СО РЕЗЕРВНА ОБЛЕКА (DROP BAGS)**
Секој учесник пред стартот на трките ќе може да остави свој ранец со резервна облека која може да ја искористи на целта по завршувањето на трката. Ранецот може да се предаде на волонтерите на стартот најдоцна 15 минути пред старт на трката.

Учесниците се советуваат да не оставаат вредни предмети во ранците; организаторите не прифаќаат одговорност за кражба, губење или оштета на ќесите или на содржината внатре.

Ранците оставени на стартот ќе можат да се земат на целта со покажување на вашиот стартен број.

Организаторот нема да ги праќа ранците кои не се земени, на домашната адреса на учесниците. Ранците кои не се земени два дена по завршување на трката ќе бидат уништени поради хигиенски причини.

**Член 12. МАРШРУТА НА ТРКИТЕ**
Маршрутите на „Крали Марко Треилс“ бараат способност за движење на природен терен, планински патишта и планинарски патеки кои можат да бидат под голем нагиб, изложени на стрмни падини, или исполнети со камења и сипар.

**а) КАМЕНА БАБА ТРЕИЛ 35К 2024** поминува низ следниве локации во Прилепско:

Варош (Марков Град) - Маркови Кули - Наковална - Јави стени - Црвени стени - манастир Трескавец - Леска - Пазојца - Средно Поле - Средорид - Св.Петка - Камена Баба (Кукул) - Чаир - Света Петка - Паде - Ридон - под врв Единак - Глајца - Света Петка - Вртоп -

Средно Поле - Наковална - Заград - Варош
Должината изнесува 35.5 км со висинска разлика од 1,890D+/1,890D- метри.

**б) ТРЕСКАВЕЦ ТРЕИЛ 18К 2024** поминува низ следниве локации во Прилепско:

Варош (Марков Град) - Маркови Кули - Наколна - Јави стени - Црвени стени - манастир Трескавец - Леска - Пазојца - Средно Поле - Наковална - Заград - Варош
Должината 17.9 km со висинска разлика од 980D+/980D- метри.

Доколку се случат неповолни временски услови за време на трката или една или повеќе патеки станат недостапни, алтернативни маршрути ќе бидат презентирани за време на на техничкиот состанок, на ден пред стартот.
Километрите низ трката не се бележани со инфо табли. Натпреварувачите мораат изрично да се придржуваат до маркираните патеки и да не кратат. Секое отстапување од маркираната официјална маршрута може да води до директна дисквалификација.

**Член 13. ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕЗГОДА**

Препорачано е сите натпреварувачи да имаат важечка осигурителна полиса која покрива трошоци за спасување и медицинска помош.

Натпреварувачите самите се одговорни за поднесување на своето отштетно побарување во осигурителната компанија.

Осигурителна полиса обезбедена од Организаторот ќе покрие сродни ризици поврзани со активности во природа.

**Член 14. БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРОЛНИ ТОЧКИ**

Членови на Организацијата и Планинско-спасителни тимови, во постојан контакт со одговорните лица од Организацијата, ќе бидат позиционирани низ целата патека. Парамедици ќе бидат позиционирани на различни точки на рутата, како и на стартот и целта.

Медицинска помош и екипи на Спасители во планина ќе ја обезбедуваат патеката во текот на целата должина. Во случај на повреда или на друга неопходност, натпреварувачите ќе треба да се јават на предвидените СОС телефони на организаторот запишани на стартниот број, а доколку се најдат на терен каде нема телефонски сигнал, да ја пренесат пораката до првата следна контролна точка – за да може што побргу да се интервенира.

Сепак, земајќи го предвид непристапниот терен и непредвидливите планински услови најчесто самите учесници се наоѓаат први на местото на незгодата. Затоа секој учесник кој ќе се најде во таква ситуација, е должен да ја прекине својата трка и активно да се вклучи во пружањето помош на настраданиот тркач.

Со самото пријавување на трката секој натпреварувач во електронска и пишана форма за пријавување потврдува дека е запознаен и свесен за опасностите од престој во природа и го презема ризикот врз себе. Организаторот ќе стори се за да се намалат ризиците, но затоа и ги молиме натпреварувачите да ги следат нашите совети и препораки:

Со цел да се сочува безбедноста и здравјето на натпреварувачите, контролорите и медицинските екипи на контролните точки имаат овластување да ги сопрат и исклучат од трката оние натпреварувачи за кои ќе оценат дека веќе не се во состојба да ја продолжат трката поради некоја медицинска состојба или болест.

Во секој случај, натпреварувачите се задолжени да ги следат инструкциите од контролорите и од медицинските екипи. Секое непочитување на овие инструкции ќе доведе до дисквалификација на натпреварувачот, а доколку истиот одлучи да продолжи по секоја цена, организаторот не презема никаква одговорност за можните несакани последици.

Секој натпреварувач што има некаква болест или состојба го советуваме да се консултира со специјалист за дозвола за учество на натпреварите и за својата здравствена состојба задолжително да го извести организаторот на трката.

**Член 15. ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Трката ќе се оддржи во парк на природата кој има свој еко-систем. Од тие причини од учесниците се очекува комплетно да ја почитуваат околината, конкретно ѓубрето да не го оставаат на пат, да не собираат цвеќе или да го вознемируваат дивиот свет. **Секој кој ќе биде откриен дека остава ѓубре по патеката ќе биде дисквалификуван од трката.** На освежителните станици ќе бидат оставени корпи за отпад каде учесниците ќе можат да се ослободат од ѓубрето. Препорака од организаторите е да се понесе мала кеса за собирање на марамчиња и амбалажа кои потоа ќе можете да ги фрлите кај освежителната станица.

Натпреварувачите мора да ги следат обележаните патеки и да избегнуваат да одат по необележани патеки со цел да не се предизвика оштетување на околната природа.

<u>Со цел да се намали употреба на пластика, нема да има чаши за една употреба на освежителните станици, учесниците се обврзани да носат нивни чаши/бидони.</u>

**Член 16. ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ**

Во случај на лоши временски услови (густа магла, снег или грмотевици), организаторот го задржува правото да направи ненајавени измени во маршрутата, дури и за време на трката, со цел да ги отстрани потенцијалните опасности по здравјето и безбедноста на учесниците. Волонтерите и организаторот ќе ги информираат натпреварувачите, соодветно, за било која промена на маршрутата. Организаторот, исто така, го задржува правото привремено да ја сопре или целосно да ја откаже трката доколку временските

услови се такви што директно ги изложуваат на ризик натпреварувачите, волонтерите и медицинско-спасителните тимови на терен.

### Член 17. ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА, ПЕНАЛИ И ЖАЛБИ

| | **Доколку НАТПРЕВАРУВАЧОТ:** | **ПЕНАЛ** |
|---|---|---|
| 1. | Не поминал и не е заведен на една или повеќе контролни точки (КТ) | Дисквалификација или временски пенал или според одлука на директорот на трката |
| 2. | Отстапува од маркираната патека или користи други патишта и притоа ја крати вкупната должина | Дисквалификација |
| 3. | Отстапува од маркираната патека или приоѓа на КТ од друга насока но притоа не ја крати вкупната должина | Дисквалификација или временски пенал или според одлука на директорот на трката |
| 4. | Учествува без стартен број или користи стартен број кој не му припаѓа лично нему/неа според стартната листа. | Дисквалификација и 2 годишна забрана за учество и за тој/таа што трча без број, и за тој/таа со туѓ број и на тој/таа на чие име е регистриран бројот |
| 5. | Одбива да помогне на друг натпреварувач во незгода | Доживотна дисквалификација |
| 6. | Добива помош/асистенција/храна од трети лица вон зоната на освежителните станици | Дисквалификација |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Користи транспорт на трката (велосипед, мотор, атв, возило, пловен објект) | Доживотна дисквалификација |
| 8. | Одбива проверка на задолжителна опрема (доколку има) | Дисквалификација |
| 9. | Не носи со себе задолжителна опрема (доколку има) | 30-min временски пенал за секое парче опрема што фали |
| 10. | Уништува маркација, неспортски се однесува кон други натпреварувачи или навредува или се заканува на волонтерите или непочитува наредби од официјални лица | Доживотна дисквалификација |
| 11. | Намерно фрла ѓубре низ патеката и ја оштетува флората и фауната | Доживотна дисквалификација |

Пенал и дисквалификација можат да бидат применети веднаш на лице место, на целта или по завршување на трката според укажување на судиите или приложени докази и изјави од сведоци на престапот.

Се прифаќаат следниве докази за приговорите и жалбите: оригинален гпс запис, фотографии/видео со тајмстемп, писмени изјави од најмалку 2ца сведоци - натпреварувачи и/или дел од организација.

Рокот за жалби и приговори започнува веднаш по пристигнувањето на целта и трае до 10:00 часот на 11.03.2024. Жалбите и приговорите се поднесуваат писмено (лично на рака или по email).

Директорот на трката го има апсолутниот авторитет во одлучувањето по пеналите, жалбите и приговорите во рамките на натпреварот. Доколку е потребно директорот на трката може да состави комисија од искусни членови на организаторот кои заеднички ќе ги разгледаат и ќе одлучат по жалбите и приговорите.

Објавувањето на официјалните резултати ќе биде најдоцна 48 часа по завршувањето на последната трка на веб страната на настанот.

Организаторот го задржува правото да пенализира или дисквалификува натпреварувач дури и после објавувањето на официјалните резултати (на пример, во случај на допинг или укажувања-докази за сериозни прекршувања на правилата и спортскиот фер-плеј).

**Член 18. НАГРАДИ**
Наградите се доделуваат според дискреција на спонзорите и организаторот и според правилата на ITRA (https://itra.run/page/260/High_calibre_athletes.html). Не-парични награди ќе им бидат доделени на првите 3 мажи и 3 жени на секоја трка (генерален пласман). Секој учесник што ќе ја заврши трката во рамките на максимално предвиденото време ќе добие финишерски медал на целта. Наградите за најдобрите се доделуваат на денот на трката на целта во одреден термин.

Сите пријавени натпреварувачи за трите трки од едицијата „Крали Марко Треилс 2023" ќе бидат класифицирани во следните возрасни и полови категории:

- 16-18 (само на Трескавец треил 18K)
- 19-20
- 20-34
- 35-39
- 40-44
- 45-49
- 50-54
- 55-59
- 60-64
- 65-69
- 70-74
- 75-79
- 80-84
- 85+

Финалното рангирање на учесниците е во генерален пласман, категорија Мажи (M) и категорија Жени (F).

Прогласување на подиум во секоја од должините на трки:

- први тројца во генерален пласман (м/ж)
- најмлад (м/ж)
- 40-49 (м/ж)
- 50-59 (м/ж)
- 60-69 (м/ж)
- 70+ (м/ж)
- најстар учесник (м/ж)

**Член 19. ПРАВА ВРЗ ФОТОГРАФИИ**
Со пријавувањето, натпреварувачите го овластуваат организаторот без надомест и за свои потреби и цели да ги користи фотографиите и видео инсертите на кои се прикажани истите, без територијални и временски ограничувања.

**Член 20. СОГЛАСНОСТ**
Со доброволното пријавување, учесникот потврдува дека правилата, прописите, процедурите и обврските се обврзувачки за време на натпреварот. Овие прописи служат за да го направат натпреварот еднаков за сите учесници и не може да се оспорат на суд. Нивното прифаќање и примена е обврзувачко за да се учествува на настанот. Секој учесник е одговорен за техничката исправност на неговата/нејзината опрема и мора да се погрижи дека се во рамките на правилата. Организаторот не презема никаква одговорност при несреќен случај – незгода, лична повреда или материјална штета, кражба или други вид штети!!

Забавувајте се!

Дејан, Тања, Радмила и Пецо

Организациски тим на „Крали Марко Треилс 2024"

Здружение ТРЕКС Скопје